РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3458/4
12-01-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-3458/1 од 05.10. 2020 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _______________, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по издадениот прекршочен платен налог број 08-3458/3 од 06.10.2020 година лицето _______________ починало.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот заведен под број 08-3458/1 од 05.10. 2020 година, е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК од увидот во својата евиденција утврди дека на _______________ на 04.08.2020 година му престанала функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок по престанок на функцијата не поднел анкетен лист до ДКСК.

ДКСК, согласно со член 114 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на именуваниот му издаде и достави прекршочен платен налог број 08-3458/3 од 06.10.2020 година за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Во меѓувреме лицето _______________ починало.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: В.Г.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk